В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Пред Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравственото осигурување на Македонија се одвиваат постапки во кои физички лица се јавуваат како баратели за остварување на одредени права. За остварување на тие права, барателите треба да исполнат одредени услови кои можат да се потврдат со информациите и податоците со кои располагаат банките во Република Македонија.

Поради тоа потребно е да се изврши дополнување на Законот за банките.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на Закон за дополнување на Законот банките се заснова на истите начела врз кои се заснова и постојниот закон.

Основно решение што се предлага со законот е:

- Создавање на законски услови за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за здравственото осигурување на Македонија и банките во Република Македонија со цел овозможување пристап до податоците со кои се стекнале банките при вршење на банкарски и други финансиски активности, само за постапки кои се спроведуваат во рамките на тие институции.

Основната цел на Предлогот на закон е да се овозможи на Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравственото осигурување на Македонија, преку пристапот до податоците со кои се стекнале банките при вршење на банкарски и други финансиски активности, да извршат проверка на податоците кои ги поднесуваат барателите – физички лица, за остварување на одредени права во постапка пред овие институции.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на законот што се предлага, не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДРЕДЕНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на Закон за дополнување на Законот за банките нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ

Член 1

Во Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/07, 90/09, 67/10 и 26/13), по членот 112, се додава нов член 112а кој гласи:

“Член 112-а

Банка може да склучува меморандуми за соработка со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија за начинот на достапност на податоците од член 111 на овој закон за потребите на овие институции во вршење на работите од нивните надлежности, согласно прописите за заштита на личните податоци.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ

Со членот 1 се уредува пристапот до податоци со кои се стекнала банката при вршење на банкарски и други финансиски активности, преку создавање на законски услови за потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за здравственото осигурување на Македонија и банките во Република Македонија, само за цели на постапките кои се спроведуваат во рамките на тие институции.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Постојните одредби од Законот за банките се меѓусебно поврзани со предлозите за изменување и дополнување на овој закон бидејќи се однесуваат на иста правна работа.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложенте дополнувања на Законот за банките имаат за цел ефикасно и еднообразно спроведување на законските одредби.

ИЗВОД ОДРЕДБИ
Од Законот за банките што се дополнуваат

Член 112

(1) Лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во банката кои имаат пристап до документите, податоците и информациите од член 111 на овој закон, како и лицата кои преку давање услуги на банката имаат пристап до документите, податоците и информациите од членот 111 на овој закон се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува во следниве случаи, ако:
1) со закон е пропишано објавување на податоците и информациите и
2) лицето дало писмена согласност за откривање на податоците.

(3) За лицата со посебни права и одговорности, акционерите и вработените во банката обврската од ставот (1) на овој член не се однесува и во следниве случаи:
1) по писмено барање на јавното обвинителство или надлежен суд за водење на постапки кои се во рамките на неговите надлежности;
2) за потребите на Народната банка или на друг супервизорски орган овластен со закон;
3) по писмено барање на Управата за јавни приходи за водење на постапки кои се во рамките на нејзините надлежности;
4) ако податоците се соопштуваат на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, во согласност со закон;
5) ако податоците се соопштуваат на Управа за Финансиската полиција, во согласност со закон;
6) на писмено барање на Државниот девизен инспекторат за контрола на девизното работење;
7) на писмено барање на Фондот за осигурување на депозити, во согласност со закон;
8) ако податоците се соопштуваат за потребите на функционирање на Кредитниот регистар на Народната банка и до кредитно биро, во согласност со закон и;
9) ако податоците се соопштуваат за потребите на управување со кредитниот ризик на други членки на банкарска група или на банкарска група чие матично лице е со седиште надвор од Република Македонија а чија членка е банката и
10) по писмено барање на лицата овластени за извршување во согласност со закон.

(4) Лицата кои согласно со ставот (3) од овој член дошле до документите, податоците и информациите од членот 111 на овој закон се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, освен во случаи и во постапка утврдена со овој или друг закон.

(5) Обврската од ставовите (1) и (4) на овој член продолжува и по престанокот на работниот однос, односно по престанокот на основот и статусот врз основа на кој е остварен пристап до податоците кои се сметаат за банкарска тајна.